ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
„ПЕЛАГОНИЈА"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
БР. 02-584/3
29.06.2015 ГОД.
БИТОЛА

# *Записник*
## *од седницата на годишното собрание на акционери на ЗК„Пелагонија„ад – Битола*

Седницата на годишното собрание на акционери на ЗК Пелагонија ад Битола, се одржа на 29.06.2015 година, со почеток во 12 часот во просториите на ЗК„Пелагонија„ад – Битола во Новаци.

До изборот на претседавач со Собранието на акционери, Собранието го отвори Драган Китановски, во својство на актуелен претседавач избран на претходното Собрание на акционери на ЗК„Пелагонија„ад – Битола одржано на ден 17.04.2015 година.

Бројот на присутните акционери, односно нивни полномошници, е констатиран од приложените списоци на акционери и нивни полномошници врз основа на приложените полномошна, кои се составен дел на овој записник.

На седницата на Собранието на акционери беше приложена акционерската книга на ЗК„Пелагонија„ад – Битола добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност Скопје, 48 часа пред одржувањето на денешната седница на Собранието на акционери на ЗК„Пелагонија„ад – Битола.

Пред почетокот на седницата на собранието на акционери, согласно член 391 став 3 од Законот за трговските друштва, беа споредени списокот на пријавените акционери, односно нивни полномошници според состојбата во акционерската книга, и се констатира дека сите пријавени акционери лично, или преку полномошници се запишани во акционерската книга на ЗК„Пелагонија„ад – Битола. Врз основа на овие податоци се констатира следното:

ЗК Пелагонија ад Битола има издадено вкупно 202.891 обични акции со право на глас.

Од вкупниот број на издадени 202.891 обични акции, Друштвото има стекнато 155 сопствени акции на кои правото на глас им мирува.

Вкупниот број на обични акции со право на глас изнесува 202.736.

Врз основа на списокот на пријавените и присутни акционери, односно нивни полномошници, кој е спореден со состојбата во акционерската книга на ЗК "Пелагонија" АД – Битола добиена на ден 26.06.2015 година од Централниот депозитар на хартии од вредност, **СЕ УТВРДИ** дека на денешната седница на Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД – Битола (29.06.2015 година), присутни се 11 акционери, односно нивни полномошници кои поседуваат 163.371 обични акции со право на глас, што претставува 80,85 % од вкупниот број акции со право на глас, со што се констатира дека е обезбеден кворум за работа на Годишното собрание на акционери и се исполнети законските и статутарните услови за полноважно работење и одлучување на Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД - Битола.

Бидејќи на денешниот дневен ред нема податок што се запишува во трговскиот регистар, записникот не го води нотар, заради што се преминува кон избор на записничар и двајца заверувачи на записникот.

Потоа, актуелниот претседавач на Собранието Драган Китановски, за записничар ја предложи акционерот Љубица Велковска, а за заверувачи на записникот ги предложи акционерите Јованка Митровска и Цвета Переловска.

Бидејќи друг предлог не беше поднесен, предлозите на претседавачот беа ставени на ставени на гласање.

По гласањето, а врз основа на член 91 од Статутот на ЗК "Пелагонија" ад – Битола – Пречистен текст, а во врска со член 383 став 2 од Законот за трговските

друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад – Битола, на седницата одржана на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на записничар**

1. За водење на записникот од Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад – Битола, што се одржува на ден 29.06.2015 година, се избира акционерот ЉубицаВелковска.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.

Потоа се премина кон гласање по предлогот за избор на заверувачи на записникот.

По гласањето а врз основа на член 91 од Статутот на ЗК "Пелагонија" ад – Битола – Пречистен текст, а во врска со член 383 став 2 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад – Битола, на седницата одржана на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на заверувачи на записникот**

1. За заверувачи на записникот од Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад – Битола, што се одржува на ден 29.06.2015 година, се избираат акционерите: Јованка Митровска и Цвета Переловска.

2 . Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.

Потоа претседавачот Драган Китановски изнесе дека неговиот мандат како претседавач трае до оваа седница на Собранието на акционери, па согласно член 395 од ЗТД, потребно е да се избере претседавач за денешната седница на Собранието на акционери, заради тоа побара акционерите да дадат предлог за избор на претседавач на Собранието на акционери.

Акционерот Томислав Давков предложи за претседавач со Собранието на акционери за оваа седница повторно да биде избран Драган Китановски.

.По истакнувањето на овој предлог побара од присутните акционери да се изјаснат за друг предлог за претседавач на Собранието.

Бидејќи за збор не се јави никој и не беше ставен друг предлог, предлогот Драган Китановски да биде избран за претседавач на Собранието на акционери за оваа седница, беше ставен на гласање.

По гласањето врз основа на член 104 од Статутот на ЗК "Пелагонија" ад – Битола – Пречистен текст, а во врска со член 383 став 2 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад – Битола, на седницата одржана на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на претседавач**

1. За претседавач на Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад – Битола, што се одржува на ден 29.06.2015 година, се избира акционерот ДРАГАН КИТАНОВСКИ.

2. Мандатот на претседавачот трае до наредното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад – Битола.

3. Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.

Откога се заблагодари за изборот, водењето на седницата на собранието и понатаму го продолжи Драган Китановски како новоизбран претседавач на Собранието на акционери.

Потоа се премина кон избор на бројачи на гласови заради непречено одвивање на работите при броење на гласовите при гласањето по точките од дневниот ред. Претседавачот за бројачи на гласовите ги предложи Перелова Цвета и Димитровски Владо.

Бидејќи други предлози немаше, предлогот се стави на гласање.

Потоа врз основа на член 383 став 2 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад – Битола, на седницата одржана на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на бројачи на гласови**

1. За бројачи на гласовите при гласањето на Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад – Битола, што се одржува на ден 29.06.2015 година, се избираат акционерите:

1. Јованка Митровска
2. Цвета Переловска.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.

Бидејќи процедуралниот дел од дневниот ред беше исцрпен, претседавачот истакна дека дневниот ред беше објавен во јавниот повик за свикување на Годишно собрание на акционери на ЗК„Пелагонија„ад – Битола, објавен во дневниот весник „Дневник „ на ден 09.06.2015 година, како и на веб страницата на Македонска берза на хартии од вредност ад – Скопје и на веб страницата на ЗК Пелагонија ад Битола.

Бидејки до рокот определен со закон немаше пристигнати барања за измени и дополненија на дневниот ред, претседавачот за работа го предложи дневниот ред што беше објавен со јавниот повик во дневниот весник ДНЕВНИК, на веб страната на ЗК Пелагонија и на интернет страната на Берзата, а кој гласи:

**Д н е в е н р е д**

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

1. Отворање на Собранието на акционери
2. Констатирање на кворум за работа на Собранието
3. Избор на работни тела
3.1. Избор на претседавач на Собранието – со предлог одлука.
3.2 Избор на 2 бројачи на гласови – со предлог одлука.

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**

-Усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери на ЗК "Пелагонија"АД Битола одржана на ден **17.04.2015 година.**

**1. Годишен извештај за работата на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година,** со

- Предлог - одлука за усвојување.

**2. Годишна сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година,** со
- Предлог – одлука за усвојување.

**3. Консолидиран годишен извештај за работата на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година,** со
- Предлог - одлука за усвојување.

**4. Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на групата ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2014 година,** со
- Предлог - одлука за усвојување.

**5. Извештај за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година од овластениот ревизор,** со
- Предлог - одлука за усвојување.

**6. Извештај за извршената ревизија на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година од овластениот ревизор,** со
- Предлог - одлука за усвојување.

**7. Извештај за работата на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД – Битола и одлучување за одобрување на работата на истиот за деловната 2014 година,** со
- Предлог - одлука за усвојување.

**8. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2014 година.**

**9. Донесување одлука за назначување на ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2015 година,** со

Предложениот дневен ред објавен во јавниот повик беше ставен на усвојување.

По спроведеното гласање со пребројувањето на гласовите, со 163.371 гласа **„за„** што преставува **100%** од акциите со право на глас претставени на собранието, ниту еден „против и воздржан„ Собранието на акционери, го донесе следниот

**З а к л у ч о к**

**Се усвојува** предложениот дневен ред во целост како што беше објавен во јавниот повик, објавен во весникот „Дневник „ од 09.06.2015 година.

Собранието да продолжи со работата по утврдениот дневен ред.

Потоа претседавачот Драган Китановски премина кон точките од дневниот ред и изнесе дека на секој акционер предлог одлуките по точките од дневниот ред му беа достапни на интернет страната на Друштвото, на интернет страната на Берзата како и во просториите на Друштвото.

Секој присутен акционер, согласно член 391-б, има право да поставува прашања по секоја од точките на дневниот ред, а Друштвото е должно одговорите на поставените прашања да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање - одговор.

**Точка бр. 1 - Годишен извештај за работата на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година, со - Предлог - одлука за усвојување.**

Претседавачот Драган Китановски изнесе дека Годишниот извештај со предлог одлуката беа објавени на интернет страната Друштвото и интернет страната на Македонската берза, а на акционерите им беа достапни во просториите на Друштвото од денот на објавувањето на јавниот повик па се до денес.

Потоа отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Бидејки за дискусија не се јави никој, претседавачот ја затвори расправата и предлог одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година,ја стави на гласање.

По извршеното гласање врз основа на член 91 став 1 точка 2 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола - Пречистен текст-, а во врска со член 383 став 1 точка 2 и член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД – Битола, со 163.371 гласа **„за„** што преставува **100%** од акциите со право на глас претставени на собранието,ниту еден „против и воздржан„ на седницата одржана на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЗК "Пелагонија" АД Битола за деловната 2014 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за работата на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2014 година.
2. Составен дел на оваа Одлука е Годишниот извештај за работењето на ЗК"Пелагонија" АД Битола за 2014 година.
3. Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, надлежните органи, материјалите на Собранието на акционери и архивата.
4. Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување.

**Точка бр. 2 - Годишна сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година, со Предлог – одлука за усвојување.**

Претседавачот Драган Китановски изнесе дека Годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година со предлог одлуката беа објавени на интернет страната Друштвото и интернет страната на Македонската берза, а на акционерите им беа достапни во просториите на Друштвото од денот на објавувањето на јавниот повик па се до денес.

Потоа отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Бидејки за дискусија не се јави никој, претседавачот ја затвори расправата и предлог одлуката за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година, ја стави на гласање.

По извршеното гласање врз основа на член 91 став 1 точка 2 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола - Пречистен текст-, а во врска со член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД – Битола, со 163.371 гласа **„за„** што преставува **100%** од акциите со право на глас претставени на собранието, ниту еден „против и воздржан, на седницата одржана на ден 29.06. 2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одобрување на Годишната сметка и**
**финансиките извештаи на ЗК"Пелагонија" АД**
**за 2014 година**

1 . **СЕ ОДОБРУВААТ** Годишната сметка и Финансиските извештаи на **ЗК "ПЕЛАГОНИЈА" АД** Битола за 2014 година, според следните биланси:
- Биланс на состојбата на ден 31.12.2014 година; -----------------------
- Биланс на успехот со состојба на 31.12.2014 година ---------------

**2.Во билансот на состојбата се искажани следните состојби:**
- Вкупна актива ---------------------------- **3.104.689.630,00 денари;**
- Вкупна пасива --------------------------- **3.104.689.630,00 денари;**

**3. Во билансот на успехот се утврдуваат:**
- Вкупни приходи ---------------------------- **1.371.365.615,00 денари**
- Вкупни расходи ---------------------------- **1.363.343.173,00 денари**

**4. Добивка за финансиска година :**

- Добивка пред оданочување --------------- **8.022.422,00 денари**
- Данок од добивка---------------------------- **3.803.468,00 денари**
- **Нето добивка по оданочување------------- 4.218.974,00 денари**

**5.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**6.** Примерок од одлуката да се достави до: Надлежните органи каде има потреба, материјалите на Собранието на акционери и архивата на Друштвото.

**Точка бр. 3 - Консолидиран годишен извештај за работата на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година, со Предлог – одлука за усвојување.**

Претседавачот Драган Китановски изнесе дека Консолидираниот годишен извештај за работата на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година со предлог одлуката беа објавени на интернет страната Друштвото и интернет страната на Македонската берза, а на акционерите им беа достапни во просториите на Друштвото од денот на објавувањето на јавниот повик па се до денес.

Потоа отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Бидејки за дискусија не се јави никој, претседавачот ја затвори расправата и предлог одлуката за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работата на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година, ја стави на гласање.

По извршеното гласање врз основа на член 91 став 1 точка 2 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола - Пречистен текст-, а во врска со член 383 став 1 точка 2 и член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД – Битола, со 163.371 гласа **„за„** што преставува **100%** од акциите со право на глас претставени на собранието, ниту еден „против и воздржан„ на седницата одржана на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работата на групата ЗК "Пелагонија" АД Битола за деловната 2014 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Консолидираниот годишен извештај за работата на групацијата ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2014 година.

**2.** Составен дел на оваа Одлука е Консолидираниот годишен извештај на групацијата ЗК "Пелагонија" АД - Битола за 2014 година.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, надлежните органи, материјалите на Собранието на акционери и архивата.

**4.** Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување.

**Точка бр. 4 - Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на групата ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2014 година, со Предлог – одлука за усвојување.**

Претседавачот Драган Китановски изнесе дека Консолидираната годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на групата ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2014 година со предлог одлуката беа објавени на интернет страната Друштвото и интернет страната на Македонската берза, а на акционерите им беа достапни во просториите на Друштвото од денот на објавувањето на јавниот повик па се до денес.

Потоа отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Бидејки за дискусија не се јави никој, претседавачот ја затвори расправата и предлог одлуката за усвојување на Консолидираната годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на групата ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2014 година, ја стави на гласање.

По извршеното гласање врз основа на член 91 став 1 точка 2 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола - Пречистен текст-, а во врска со член 383 став 1 точка 2 и член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД – Битола, со 159.985 гласа **„за„** што преставува **97,90%** од акциите со право на глас претставени на собранието, ниту еден „против„ и 3.386 воздржани гласа, што преставува 2,1% од акциите со право на глас претставени на собранието, на седницата одржана на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната 3386 воздржани

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2014 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2014 година.

**2.** Составен дел на оваа Одлука е консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2014 година.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, надлежните органи, материјалите на Собранието на акционери и архивата.

**4.** Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување.

**Точка бр. 5 - Извештај за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година од овластениот ревизор, со Предлог – одлука за усвојување.**

Претседавачот Драган Китановски изнесе дека Извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година од овластениот ревизор со предлог одлуката беа објавени на интернет страната Друштвото и интернет страната на Македонската берза, а на акционерите им беа достапни во просториите на Друштвото од денот на објавувањето на јавниот повик па се до денес.

Потоа претседавачот Драган Китановски го повика збор да земе господин Борислав Атанасовски претставник на Друштвото за ревизија, проценка и финансиски

консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо ДОО – Скопје кое како овластен ревизор ја вршеше ревизијата на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година и на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година.

Во своето излагање господин Борислав Атанасовски изнесе дека во ревизорскиот извештај дадено е мислење со резерва, од причина што согласно Стандардот за деловна комбинација на денот на стекнувањето на друштво се прави процена на средствата на правното лице, а во конкретниот случај при стекнувањето на Скопско поле ад - Скопје не е направена таква процена и евидентирано е дека поседува земјиште за кое не постои доказ за сопственост и соcптвеноста не е запишана во имотен лист.

Потоа претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Бидејки за дискусија не се јави никој, претседавачот ја затвори расправата и предлог одлуката за усвојување на Извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година од овластениот ревизор, ја стави на гласање.

По извршеното гласање врз основа на член 91 став 1 точка 2 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола - Пречистен текст-, а во врска со член 478 и член 480 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД – Битола, со 163.371 гласа **„за„** што преставува **100%** од акциите со право на глас претставени на собранието, ниту еден „против и воздржан, на седницата одржана на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување Извештајот за извршената ревизија**
**на годишната сметка, финансиските извештаи**
**и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2014 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" АД Битола, за 2014 година, извршена од Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо ДОО - Скопје.

**2.** Составен дел на оваа одлука е Извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" ад – Битола, за 2014 година.

**3.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**4.** Примерок од Одлуката да се достави до : Одборот на директори на ЗК"Пелагонија" АД Битола, Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо ДОО - Скопје, секторот за економско финансиски работи, извршниот директор, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

**Точка бр. 6 - Извештај за извршената ревизија на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година од овластениот ревизор, со Предлог – одлука за усвојување.**

Претседавачот Драган Китановски изнесе дека Извештајот за извршената ревизија на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година од овластениот ревизор со предлог одлуката беа објавени на интернет страната Друштвото и интернет страната на Македонската берза, а на акционерите им беа достапни во просториите на Друштвото од денот на објавувањето на јавниот повик па се до денес.

По излагањето на господин Борислав Атанасовски изнесено во претходната точка, а кое се однесуваше и на оваа точка од дневниот ред, претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Бидејки за дискусија не се јави никој, претседавачот ја затвори расправата и предлог одлуката за усвојување на Извештајот за извршената ревизија на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година од овластениот ревизор, ја стави на гласање.

По извршеното гласање врз основа на член 91 став 1 точка 2 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола - Пречистен текст-, а во врска со член 478 и член 480 од Законот за трговски друштва, со 163.371 гласа **„за„** што преставува **100%** од акциите со право на глас претставени на собранието, ниту еден „против и воздржан, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД – Битола, на седницата одржана на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување Извештајот за извршената ревизија**
**на консолидираната годишната сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2014 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за извршената ревизија на консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на ЗК "Пелагонија" АД Битола, за 2014 година, извршена од Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо ДОО - Скопје.
2. Составен дел на оваа одлука е Извештајот за извршената ревизија на консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2014 година.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.
4. Примерок од Одлуката да се достави до : Одборот на директори на ЗК"Пелагонија" АД Битола, Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо ДОО - Скопје, секторот за економско финансиски работи, извршниот директор, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

**Точка бр. 7 - Извештај за работата на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД – Битола и одлучување за одобрување на работата на истиот за деловната 2014 година, со Предлог – одлука за усвојување.**

Претседавачот Драган Китановски изнесе дека Извештајот за работата на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД – Битола со предлог одлуката беа објавени на интернет страната Друштвото и интернет страната на Македонската берза, а на акционерите им беа достапни во просториите на Друштвото од денот на објавувањето на јавниот повик па се до денес.

Потоа отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Бидејки за дискусија не се јави никој, претседавачот ја затвори расправата и предлог одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД – Битола и одлучување за одобрување на работата на истиот за деловната 2014 година, ја стави на гласање.

Пред да се пристапи кон гласањето, претседавачот напомена дека по оваа точка од дневниот ред се гласа поединечно за одобрување на работата на секој член на Одборот на директори. Воедно ги информира присутните дека Одборот на директори на ЗК Пелагонија ад Битола до 05.06.2014 година делуваше во друг состав, а после 05.06.2015 година па се до 31.12.2014 година делуваше во друг состав, односно во

состав во кој делува и сега. Заради тоа изнесе дека потребно е да се гласа за одобрување работата на сите членови на Одборот на директори кои делуваа во текот на 2014 година.

Потоа се спроведе поединечно гласање за секој член на Одборот на директори. Се констатира дека по поединечно спроведеното гласање за секој член на Одборот на директори, одлуката е донесена со ист број гласови за секој член на Одборот на директори, така што секој член на Одборот на директори поединечно доби по 163.371 гласови ЗА па се констатира дека собранието на акционерите со 163.371 гласови ЗА што претставуваат 100% од претставените акции со право на глас на седницата на собранието, со нити еден ПРОТИВ нити еден ВОЗДРЖАН, врз основа на член 91 став 1 точка 4 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола - Пречистен текст-, а во врска со член 383 став 1 точка 4 и член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва, на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одобрување работата на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2014 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работа на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија " Битола за 2014 година.

2. **СЕ ОДОБРУВА** работата на членовите на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2014 година, и тоа:
   1. Цветан Панделески од 01.01. до 31.12.2014 година
   2. Томислав Давков од 01.01. до 31.12.2014 година
   3. Јордан Камчев од 05.06. до 31.12.2014 година
   4. Весна Белешовска Бунтеска од 01.01. до 31.12.2014 година
   5. Тодор Мирчевски од 01.01. до 31.12.2014 година

   6. Јованче Тасковски од 01.01. до 05.06.2014 година
   7. Кристина Камчева Стојческа од 01.01. до 05.06.2014 година
   8. Ќиро Шошев од 01.01. до 05.06.2014 година
   9. Зорица Арсовска од 01.01. до 05.06.2014 година

3. Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работењето на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија"АД Битола за 2014 година.

4. Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

5. Оваа одлука стапува во сила со нејзиното донесување.

**Точка бр. 8 - Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2014 година.**

Претседавачот Драган Китановски изнесе дека Предлог-Одлуката за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2014 година беше објавена на интернет страната Друштвото и интернет страната на Македонската берза, а на акционерите им беа достапни во просториите на Друштвото од денот на објавувањето на јавниот повик па се до денес.

Потоа отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Бидејки за дискусија не се јави никој, претседавачот ја затвори расправата и предлог одлуката за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2014 година, ја стави на гласање.

По извршеното гласање врз основа на член 91 став 1 точка 2 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола - Пречистен текст-, а во врска со членовите 383 став 1 точка 2, член 483, 487 и 490 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД – Битола, со 163.371 гласа **„за„** што преставува **100%** од акциите со право на глас претставени на собранието, ниту еден „против и воздржан, на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за распоредување на остварената добивка по годишната сметка за 2014 година на ЗК "Пелагонија" ад – Битола**

**Член 1**

Остварената нето добивката по годишната сметка на ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2014 година, која по оданочувањето изнесува 4.218.974,00 денари, **се распределува за реинвестирање.**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 3**

Примерок од одлуката да се достави до: Надлежните органи каде има потреба, финансиско сметководствениот сектор на Друштвото, материјалите на Собранието на акционери и архивата на Друштвото.

**Точка бр. 9 - Донесување одлука за назначување на ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2015 година, со Предлог – одлука за усвојување.**

Претседавачот Драган Китановски изнесе дека Предлог-Одлуката за назначување на Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо ДОО - Скопје за ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2015 година беше објавена на интернет страната на Друштвото и на интернет страната на Македонската берза, а на акционерите им беше достапна во просториите на Друштвото од денот на објавувањето на јавниот повик па се до денес.

Потоа отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Бидејки за дискусија не се јави никој, претседавачот ја затвори расправата и предлог одлуката за назначување на Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо ДОО - Скопје за ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2015 година, ја стави на гласање.

По извршеното гласање врз основа на член 91 став 1 точка 8 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола - Пречистен текст -, а во врска со член 383 став 1 точка 8 и член 479 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД – Битола, со 163.371 гласа **„за„** што преставува **100%** од акциите со право на глас претставени на собранието, ниту еден „против и воздржан, на ден 29.06.2015 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2015 година

**1.** За овластен ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2015 година, **СЕ ОПРЕДЕЛУВА Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо ДОО - Скопје**.

**2.** Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо ДОО - Скопје има задача да изврши ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2015 година, согласно законските прописи и потоа да поднесе писмен извештај за резултатите од испитувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до : Одборот на директори на ЗК"Пелагонија" АД Битола, Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо ДОО - Скопје, секторот за финансиско сметководствени работи, извршниот директор, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и претседавачот објави дека седницата на Годишното собрание на акционери заврши во 13,30 часот.

| **Записничар** | | **Претседавач** |
|---|---|---|
| **Љубица Велковска** | ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" БИТОЛА 4 АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО | **Драган Китановски** |

**Заверувачи на записникот**

1. **Јованка Митровска** ____________

2. **Цвета Переловска** ____________

ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" БИТОЛА 4 АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО